Република Северна Македонија
ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Бр. 04-800/14
23.05 2025 год.
БЕРОВО

Врз основа на член 188 став 6 и член 212 став 10 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр 104/19), член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19 ) и член 8 од Колективниот договор за социјална заштита (Службен весник на РМ бр.249/19), а во врска со интерен оглас бр. 04-800/2 за унапредување на 1 (едно) лице на неопределено време при ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Берово, В.Д. Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа донесе:

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по интерен оглас број 04-800/2

1.Се врши избор по интерен оглас бр. 04-800/2 за унапредување на 1 (едно) лице на неопределено работно време.

2.За извршител на работното место **раководител на служба за услуги од социјална заштита-** шифра на работното место: - СОЗ0303А01002 и звање раководен од прво ниво во служба за услуги од социјална заштита во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Берово **е избран кандидатот Грозданка Миловски**.

3.Именуваниот од точка 2 (два) на оваа одлука ќе склучи Договор за работа по конечноста на оваа одлука.

**Образложение**

Интерниот оглас беше објавен на веб страната на Установата како и на огласната табла во просториите на ЈУ Мешуопштински центар за соцјални работи Берово, и истиот траеше три работни дена.

Комисијата за селекција на кандидати за унапредување на едно лице во раководен службеник од прво ниво, изврши административна селекција и по спроведеното интервју достави предлог ранг-листа на кандидати за избор на раководен службеник од прво ниво – раководител на служба за услуги од социјална заштита до В.Д. Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Берово.

Врз основа на горенаведеното, В.Д. Директорот изврши избор во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:**Против оваа одлука може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на нејзиниот прием до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Доставено до:**
**-Избраниот кандидат**
**-Архива**

**ЈУ Меѓуопштински центар**
**за социјална работа Берово**
**В.Д. Директор**
**Даринка Шоповска Ружински**